Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Сто триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7, 8 и 9 март 2023 година

Скопје, март 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7, 8 и 9 март 2023 година**

Седницата се водеше во три дела.

Првиот дел од седницата започна во 12:15 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Ами Ларсон Јаин, амбасадор на Шведска во Република Северна Македонија, м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа,

портпарол на Владата на Република Северна Македонија, д-р Ејуп Рустеми, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Сламков, раководител на сектор во Јавното претпријатие за државни патишта, Дејан Спиркоски, управител на ИРД подружница Скопје, Јасминка Чорда-Трухар, правен експерт за преговори, Сузана Пековиќ, правен експерт за преговори, Ангелина Живковиќ, специјалист за преговори со Изведувач и имплементација на договор, и Иван Павловиќ, експерт за имплементација на Договор за градежни работи со Изведувач.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Кренар Лога, министер за правда и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање.

Овој дел од седницата заврши во 14:10 часот.

Вториот дел од седницата што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 10 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Мециti, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање.

Овој дел од седницата заврши во 10:10 часот.

Третиот дел од седницата што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:30 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата не учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро

владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

Усвојување на Записникот од 133-та седница на Влада, одржана на 2 март 2023 година

Усвојување на Записникот од 127-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 февруари 2023 година

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за одржаниот билатерален скрининг за областа Реформа на јавна администрација Кластер 1 Фундаментални вредности и одговорен прашалник

- Информација за подготовка на билатерален состанок од Кластер 2 Внатрешен пазар-Поглавје 8 Политика на конкуренција, со прилози

- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 16 Оданочување од Кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст, со прилози

- Информација за подготовка на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 15 и 16 март 2023 година во Брисел, со прилози

- Информација за определување на информации кои се однесуваат на процесот на пристапни преговори на Република Северна Македонија во Европската Унија со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“, со прилози

- Извештај за преземени чекори за подобрување на ефективноста и ефикасноста на координацијата на донаторите во земјата

1. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-570/1 КП бр.1973 за КО Долно Дупени)

2. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“-Гостивар

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната (*)

4. Информација за елаборати со податоци од техничко набљудување на браните управувани од страна на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, со известување од Министерство за животна средина и просторно планирање за недостатоци со кои може да биде загрозена стабилноста на браните

5. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија за враќање на незаконски изнесени икони во земјата на потекло

6. Информација за Програмата и приоритетите на Шведското претседателство со Советот на Европската Унија

7. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2478 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/2474 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина

8. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2477 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2476 на Советот од 16 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

9. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2479 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/2475 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

10. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2432 на Советот од 12 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2430 на Советот од 12 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

11. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/2398 на Советот од 8 декември 2022 година за спроведување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2397 на Советот од 8 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр. 1183/2005 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго

12. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2412 на Советот од 8 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2401 на Советот од 8 декември 2022 година за спроведување на член 9 од Регулативата (ЕЗ) бр.1183/2005 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго

13. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2186 на Советот од 8 ноември 2022 година за изменување на Одлуката

(ЗНБП) 2019/1894 за рестриктивни мерки во однос на неодобрените активности на дупчење на Турција во Источен Медитеран

14. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2022/2440 од 12 декември 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/1775 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Мали и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2436 на Советот од 12 декември 2022 година за спроведување на член 12 (2) од Регулативата (ЕУ) 2017/1770 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Мали

15. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2052 на Советот од 24 октомври 2022 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја и Регулативата (ЕУ) 2022/2042 на Советот од 24 октомври 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 1284/2009 за воведување одредени посебни рестриктивни мерки во однос на Република Гвинеја

16. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2431 на Советот од 12 декември 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја и Регулатива за спроведување (ЕУ) 2022/2429 на Советот од 12 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2017/1509 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја

17. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/2433 на Советот од 12 декември 2022 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2428 на Советот од 12 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран

18. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Бијатлонска федерација на Северна Македонија

19. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2023 година

20. Барање на Ирена Барбара Ставови Кавка, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

21. Кадровски прашања

22. Прашања и предлози

23. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Развојот и работењето на технолошките индустриски развојни зони“

24. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Користење на водите за наводнување“

25. Годишен извештај за работата на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за 2022 година

26. Предлог-одлука за укинување на увозните давачки-царинските давачки за увоз на тестенини неварени, неполнети ниту поинаку приготвени

27. Предлог-уредба за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт

28. Предлог-програма за изменување и дополнување на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за 2023-2027 година

29. Информација за одржување на Шестата седница на Комитетот за преговори за склучување на договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, со текст на Завршен извештај и текст на Договор

30. Информација во врска со потребата од зголемување на продажните цени на обрасците за лични документи на граѓаните (пасош, лична карта и возачка дозвола)

31. Информација за претставувањето на колекција на Музејот на современа уметност-Скопје во Кунстхале, Виена

32. Предлог-одлука за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало

33. Информација за назначување на раководител на оперативната структура во системот за индиректно управување со ИПА I и ИПА II, со Предлог-решенија

34. Информација за потребата од обезбедување на заем за развојни политики

35. Предлог-одлука за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало

36. Информација за потребата од формирање на меѓуинституционални тела за мониторинг и евалуација на Националната стратегија за интегрирано гранично управување 2021-2025, со Акциски план и Предлог-одлука

*
* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 февруари 2023 година и Записникот од Сто триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 март 2023 година.

*****
*** ***

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

**-Информација за одржан билатерален скрининг за областа Реформа на јавна администрација Кластер 1 Фундаментални вредности и одговорен прашалник**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за областа Реформа на јавна администрација Кластер 1 Фундаментални вредности и одговорен прашалник и ја усвои со следниот заклучок:

-Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата и прилозите до Европската комисија, најдоцна до 14 март 2023 година.

**-Информација за подготовка на билатерален состанок од Кластер 2 Внатрешен пазар-Поглавје 8 Политика на конкуренција, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален состанок од Кластер 2 Внатрешен пазар-Поглавје 8 Политика на конкуренција, со прилози и ја усвои со следниот заклучок:

-Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да номинира претставник на билатералниот скрининг за Поглавје 8, Политика на конкуренција, што ќе се одржи од 10 до 14 март во Брисел, кој ќе го презентира напредокот и идните планови во делот од надлежност на министерството, најдоцна до 7 март 2023 година.

**-Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 16, Оданочување од Кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 16, Оданочување од Кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги утврди одговорите на Прашалникот добиен од Европската комисија.

2. Ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг.

**-Информација за подготовка на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 15 и 16 март 2023 година во Брисел, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 15 и 16 март 2023 година во Брисел, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. За ко-претседавачка на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност од македонска страна се назначува Светлана Влаховиќ-Димановска, началник на Секторот за преговори и европска интеграција во Министерството за внатрешни работи.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали од институциите, согласно областите опфатени со Поткомитетот за правда, слобода и безбедност, да ги достави до службите на Европската комисија на англиски јазик, најдоцна до 8 март 2023 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со ко-претседавачката на поткомитетот Светлана Влаховиќ Димановска, началник на Секторот за преговори и европска интеграција во Министерството за внатрешни работи, да го утврди составот на делегацијата која ќе учествува на состанокот на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 15 и 16 март 2023 година во Брисел, најдоцна до 8 март 2023 година.

**-Информација за определување на информации кои се однесуваат на процесот на пристапни преговори на Република Северна Македонија во Европската Унија со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за определување на информации кои се однесуваат на процесот на пристапни преговори на Република Северна Македонија во Европската Унија со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

-Се задолжуваат сите органи на државната управа, согласно Законот за класифицирани информации, да ги определат и означат информациите кои се однесуваат на процесот на пристапни преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ наведени во содржината на Информацијата, почнувајќи од одржувањето на првиот билатерален состанок.

**Извештај за преземени чекори за подобрување на ефективноста и ефикасноста на координацијата на донаторите во земјата**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за преземени чекори за подобрување на ефективноста и ефикасноста на координацијата на донаторите во земјата.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-570/1 КП бр.1973 за КО Долно Дупени).

<u>**Точка 2**</u>

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“-Гостивар.

<u>**Точка 3**</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната (*), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

Истовремено, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во прилог на материјалот да достави нова Изјава за усогласеност со законодавството на Европската Унија, а Секретаријатот за законодавство да достави мислење по Изјавата за усогласеност за кореспондентната табела.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Николче Бабовски, директор во Агенцијата за храна и ветеринарство.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за елаборати со податоци од техничко набљудување на браните управувани од страна на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, со известување од Министерство за животна средина и просторно планирање за недостатоци со кои може да биде загрозена стабилноста на браните и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 30 дена до Владата да достави информација за елаборати со податоци од техничко набљудување на браните управувани од страна на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија за последните пет години.

2. Се задолжува Комисијата за брани во рок од 15 дена да достави до Владата извештај за работењето со причините поради кои досега соодветно не се испланирани и побарани средства за решавање на состојбата со браните во Република Северна Македонија.

## Точка 5

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија за враќање на незаконски изнесени икони во земјата на потекло, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Даим Лучи, заменик на министерот за култура, а за повереници Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура.

## Точка 6

На седницата на Владата на која се разгледуваше Информацијата за Програмата и приоритетите на Шведското претседателство со Советот на Европската Унија, присуствуваше шведската амбасадорка Ами Ларсон Јаин.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски и посака добредојде и истовремено и се заблагодари за прифаќањето на поканата да се обрати на седницата на Владата во врска со приоритетите и актуелностите на Шведското претседателство со Советот на Европската Унија, а воедно изрази благодарност што шведското претседателство го поддржува поттикнувањето на евроинтеграцискиот процес на земјите од Западен Балкан во својата програма.

Шведската амбасадорка Ами Ларсон Јаин, потенцираше дека ќе ја надградат работата на претходните претседателства, развивањето на обединет одговор и реакција, продолжена соработка со сигурните партнери, како и трансатлантските врски коишто мора да бидат обезбедени.

Истакна дека четирите приоритети за Шведското претседателство се:

-безбедност;
-конкурентност;
-зелена енергетска транзиција и
-демократски вредности и владеење на правото.

Првиот приоритет, мулти безбедност за граѓаните на Европската Унија ја зацврстува улогата на граѓаните во светот. Ова ќе бара натамошни напори на национално и на ниво на Европската Унија, како и реконструкција и вложување на напори за реформи. Во таа насока, безбедноста на Западен Балкан е навистина важен за регионот и за Европската Унија, а важен дел од безбедноста на Европската Унија е и борбата против прекуграничен организиран криминал.

Вториот приоритет е зацврстување на конкурентноста на Европската Унија, за идните работни места, како и за исполнување на долгорочните предизвици на Европската Унија. Оваа година, единствениот пазар, најголем на свет, кој слави 30 години од своето постоење мора да продолжи да ги обезбедува најдобрите услови за здрава економија која што ќе се заснова на конкурентност, инвестиции и успешна дигитализација.

Третиот приоритет е за забрзување на климатската транзиција, зелени работни места и иновација. Глобалниот климатски предизвик бара глобален одговор, а Европа мора да води со пример, со остварување на амбициозните климатски цели, поттикнувајќи го растот и конкурентноста. Европските компании кои обезбедуваат зелени решенија веќе ја водат оваа транзиција, а вистинската регулаторна рамка ќе

привлече инвестиции и ќе одговори на барањето на компаниите коишто обезбедуваат зелени решенија.

Четвртиот и најверојатно најважен приоритет е чување на демократските вредности и стопирање на организираниот криминал и корупцијата. Европската Унија се заснова на демократските вредности, отворајќи го патот за кохезија, индивидуални слободи, недискриминација, зголемено економско производство и големо влијание. Борбата со корупцијата и прекуграничниот криминал се дел од сето ова. Почитувањето на основните права се суштински елемент на Шведското претседателство, како и на сите претседателства на Советот.

Во таа насока, се забележува дека Република Северна Македонија се покажа како добро подготвена и мошне професионална во скрининг процесот и постави многу амбициозни цели.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, потенцираше дека приоритет на Република Северна Македонија за време на Шведското претседателство е да го задржи континуитетот на европскиот пат, за што е потребна помош од Европската Унија и од секоја држава членка, како и од Шведска како претседавач, да се изведе скринингот до крај и да се направи повеќе во реформите во клучните области.

Благодарност за успешното менаџирање на претседавањето, особено во делот на усвојување на заклучоците, односно конечните позиции на Европската Унија по однос на Советот за стабилизација и асоцијација упати и министерот за надворешни работи, д-р Бујар Османи.

*

*       *

Владата ја разгледа Информацијата за програмата и приоритетите на Шведското претседателство со Советот на Европската Унија, ја усвои и го задолжи Министерството за надворешни работи, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2478 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/2474 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2477 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2476 на Советот од 16 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2479 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/2475 на Советот од 16 декември 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2432 на Советот од 12 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2430 на Советот од 12 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/2398 на Советот од 8 декември 2022 година за спроведување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2397 на Советот од 8 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр. 1183/2005 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2412 на Советот од 8 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2401 на Советот од 8 декември 2022 година за спроведување на член 9 од Регулативата (ЕЗ) бр.1183/2005 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2186 на Советот од 8 ноември 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1894 за рестриктивни мерки во однос на неодобрените активности на дупчење на Турција во Источен Медитеран.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2022/2440 од 12 декември 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/1775 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Мали и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2436 на Советот од 12 декември 2022 година за спроведување на член 12 (2) од Регулативата (ЕУ) 2017/1770 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Мали.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2052 на Советот од 24 октомври 2022 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја и Регулативата (ЕУ) 2022/2042 на Советот од 24 октомври 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 1284/2009 за воведување одредени посебни рестриктивни мерки во однос на Република Гвинеја.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2431 на Советот од 12 декември 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја и Регулатива за спроведување (ЕУ) 2022/2429 на Советот од 12 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2017/1509 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/2433 на Советот од 12 декември 2022 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2428 на Советот од 12 декември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Бијатлонска федерација на Северна Македонија.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2023 година.

**Точка 20**

Владата го разгледа Барањето на Ирена Барбара Ставови Кавка за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 21**

1. Владата го разреши Игор Јовановски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Делчево, поради истек на мандатот.

1.1. Владата го именува Игор Јовановски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Делчево.

2. Владата го разреши Васил Ашталкоски од должноста вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Казнено-поправен дом од отворен вид Струга, на негово барање.

3. Владата од должноста членови на Училишниот одбор-претставници на основачот на Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“-Скопје ги разреши:

-Татјана Трајковска и

-Беким Љамалари.

4. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кочани ги разреши:

-Олгица Захариева, на нејзино барање и
-Даниел Спасов, поради истек на мандатот.

4.1. Владата за членови на Управен одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кочани ги именува:

-Елена Трифуновиќ и
-Елизабета Стоилкова.

5. Владата ја разреши Ценета Асановска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ"-Скопје, поради истек на мандатот.

6. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Скопје, поради истек на мандатот ги разреши:

-Сафет Демири и
-Стојанче Младеновски.

7. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-П.О. Скопје, поради истек на мандатот ги разреши:

-Армен Авдили и
-Илир Абдурамани.

8. Владата го разреши Бљерим Абази од должноста вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда.

9. Владата го именува Емир Сулејмани за вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата го разреши Фикри Алити од должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

11. Владата го именува Џемаил Јусуфи за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата на Фатон Асани му утврди престанок на функцијата директор на Агенцијата за управување со одземен имот, поради истек на мандатот за кој е именуван.

13. Владата го избра Дритон Небиу за вршител на должноста директор на Агенцијата за управување со одземен имот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

14. Владата ја разреши Кристина Јоакимовска од должноста вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, заклучно со 9 март 2023 година.

15. Владата го именува Дејанчо Цветановски за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, сметано од 10 март 2023 година.

16. Владата го разреши Дејанчо Цветановски од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, поради постоење на состојба на судир на интереси.

17. Владата го разреши Горан Чамовски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Демир Хисар, поради истек на мандатот.

17.1 Владата го именува Горан Чамовски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Демир Хисар .

18. Владата го разреши Амир Билали од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт, на негово барање.

19. Владата го именува Горан Трајковски за вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија, досегашен вршител на должноста директор на Инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

20. Владата го разреши Александар Богојевски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Тетово.

20.1. Владата го именува Дарко Богатиновски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Тетово.

21. Владата ја разреши Билјана Кожарова-Гушева од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, стручен работник од центарот за социјална работа, поради заминување во пензија.

21.1. Владата ја именува Тања Маневска за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес, стручен работник од центарот за социјална работа.

22. Владата го разреши Ардиан Муслиу од должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука.

22.1. Владата го именува Халит Фератов за вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

23. Владата го именува Исак Лезами за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

24. Владата го разреши Бесник Елези од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

25. Владата го именува Денис Алити за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

26. Владата го разреши Ибуш Јусуфи од должноста вршител на должноста директор на Државниот завод за индустриска сопственост.

27. Владата го разреши Блерим Идризи од должноста заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост.

28. Владата го именува Блерим Идризи за вршител на должноста директор на Државниот завод за индустриска сопственост и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

29. Владата на Илбер Села му утврди престанок на функцијата директор на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот за кој е именуван.

30. Владата го избра Ардиан Муслиу за вршител на должноста директор на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на

Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

31. Владата му препорача на Управниот одбор на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје да ја именува Шахдије Османи за вршител на должноста заменик на директорот на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје.

32. Владата му препорача на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да го разреши Миѓен Селмани од должноста член на Управниот одбор, а за член на Управниот одбор да го именува Хасим Дехари.

33. Владата му препорача на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, од должноста член на Управниот одбор да го отповика Васко Стефанов, а за член на Управниот одбор да ја избере Бујаре Абази.

34. Владата му препорача на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, од должноста член на Управниот одбор да го отповика Мајан Вејсели, а за член на Управниот одбор да го избере Зулхајрат Демири.

35. Владата го отповика даденото полномошно со кое Викторија Аврамовска-Мадиќ е овластена во својство на полномошник на Владата да присуствува на седниците на Собранието на акционери на Македонски телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје, поради постоење на состојба на судир на интереси.

## Точка 22

**1.** Владата на барање на Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по повод подготовката на Предлог на закон за донирање на вишокот на храна, заклучи:

1) Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство до Владата да достави Предлог на закон за донирање на вишокот на храна, во рок од шест месеци.

2) Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да формира работна група за изготвување на Предлогот на закон за донирање на вишокот на храна, во рок од седум дена, со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Министерството за правда, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата

на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Министерството за финансии-Управа за јавни приходи.

3) Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Министерството за правда и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Министерството за финансии-Управа за јавни приходи до Агенцијата за храна и ветеринарство да номинираат претставници во работната група, за изготвување на Предлогот на законот за донирање на вишокот на храна, во рок од седум дена.

4) Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да ја информира Владата за напредокот на процесот на изготвување на Предлогот на законот за донирање на вишокот на храна во рок од три месеци.

**2.** Владата заклучи да ја повлече од собраниска постапка Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ", во Република Либан, доставена до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.41-8899/5 од 1 ноември 2022 година.

**3.** Владата ги определи д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство за дополнителни претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието по текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 23 февруари 2023 година до 1 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 23 февруари 2023 година до 1 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата по Предлогот на закон за ратификација на Меѓународната спогодба за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба, утврден на 129-та седница, на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари 2023 година, наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ги определи д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Тања Кикерекова, раководител на сектор во Министерството за правда.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 23 февруари 2023 година до 1 март 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**8.** Владата ги определи д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство за дополнителни претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието по текстот на Предлогот на закон за дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, по скратена постапка.

**9.** Владата ја определи м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието по текстот на Информацијата за напредокот за родовите прашања во последните две децении во Република Северна Македонија.

**10.** Владата го разгледа Известувањето за предизвиците со кои се соочува Судскиот совет на Република Северна Македонија, во врска со примената на член 45-а став 4 од Законот за судовите, во однос на обврската за спроведување на психолошкиот тест и тест за интегритет при унапредување на судиите, да ангажира стручни лица од независна и целосна акредитирана професионална институција, го прифати Известувањето и го задолжи Министерството за правда, за наредната седница да предложи решение со кое ќе се надмине овој проблем.

**11.** Владата заклучи:

-Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација по пат на мобилност, веднаш да обезбеди едно стручно лице од областа на информатички технологии за потребите на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за временски период, согласно потребите на Фондот.

**12.** Владата ја разгледа Информацијата за постапките за вработување, ја усвои и ги задолжи раководителите на јавните субјекти (буџетски корисници, единки корисници, јавни претпријатија, јавно-правни субјекти основани од централната власт и трговските друштва основани од Република Северна Македонија) да не доставуваат барања за нови вработувања до Министерството за финансии, доколку во буџетот на институцијата/финансискиот план нема обезбедено средства за нови вработувања (неопределено, определено, привремени вработувања).

**13.** Владата по повод покровителството на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, на комеморацијата за 80 години од депортацијата на 7.144 македонски Евреи во логорот на смртта Треблинка во окупирана Полска, кој ќе се одбележи на 12 март 2023 година заклучи:

1) На одбележувањето на 80 години од депортацијата на 7.144 македонски Евреи во логорот на смртта Треблинка во окупирана Полска, владина делегација ќе присуствува и ќе положи цвеќе на следните локации:

1.1. „Поворка на живите" во 9 часот и положување цвеќе на споменикот на 7.144 депортирани македонски Евреи-поранешен скопски Монопол-Империјал Тобако, во 9:45 часот.

Делегација во состав:

- Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции,

- Славјанка Петровска, министер за одбрана,

- д-р Бујар Османи-министер за надворешни работи и

- Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

1.2. Положување цвеќе пред споменикот на депортираните Евреи и пред споменикот на паднатите борци во НОБ, Градски гробишта Бутел-Скопје во 11:30 часот.

Делегација во состав:

- Благој Бочварски, министер за транспорт и врски,
- Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и
- м-р Кренар Лога, министер за правда.

1.3. Изложба „Македонија памети-Никогаш да не се повтори“ во Музејот на холокаустот во-13:00 часот.

Делегација во состав:

Роберт Алаѓозовски-национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка.

1.4. Комеморативен настан во Национална опера и балет во организација на еврејската заедница, на кој ќе обрати претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски, во 20 часот.

2) Се задолжува Министерството за култура да го преземе покровителството во целост на настаните планирани на 9 март 2023 година во Битола и 10 март 2023 година во Штип и да го организира владиното присуство на двата настани.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, преку Одделението за протокол, да испрати покани на протоколарната листа за настаните на кои премиерот е покровител и да организира лица за протокол за вечерниот настан во Филхармонија.

4) Се задолжува Министерството за одбрана, преку Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди фанфаристи и гардисти за сите точки на кои државниот врв положува цвеќе, како и опрема за положување на цвеќе.

5) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци за положување за владините делегации.

6) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во координација со Армијата на Република Северна Македонија да ги обезбеди материјалите потребни за положување на цвеќе на владините делегации.

7) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности за непречено одбележување на Комеморацијата.

8) Се задолжува Националната радио-телевизија да организира пренос во живо на настаните на 12 март 2023 година.

9) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да организира медиумско покривање на настанот.

**14.** Владата го разгледа Барањето на Агенцијата за национална безбедност за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 37/23), го прифати Барањето и го задолжи Министерството за транспорт и врски да постапи по истото.

**15.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со арбитражната постапка поведена од Ленди груп ДООЕЛ Скопје, за исполнување на парична обврска која произлегува од Договор за изведба на градежни работи, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија како работодавач и Ленди груп ДООЕЛ Скопје како изведувач, бр. 05-01/14 од 5.3.2020 година, ја усвои и го задолжи Државното правобранителство на Република Северна Македонија како застапник на државните органи кое ги штити нивните имотни права и интереси, да ја застапува Владата на Република Северна Македонија и да определи државен правобранител пред Постојаниот арбитражен суд-Арбитража при Стопанската комора на Македонија, во врска со постапката бр. АРБ 2023/1-1, поведена по тужба на тужителот Ленди груп ДООЕЛ Скопје, против тужениот Влада на Република Северна Македонија и Општина Прилеп, по основ-исполнување на парична обврска од 902.501,00 денари.

## Точка 23

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Развојот и работењето на технолошките индустриски развојни зони“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во рок од 30 дена да подготви и до Владата и Државниот завод за ревизија да достави акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Развојот и работењето на технолошките индустриски развојни зони“.

2. Се задолжува Министерството за финансии во однос на препораката број 7 од Конечниот извештај „Анализирање на тековната состојба со бројот на вработени и ангажирани лица по договор за дело во Дирекцијата, определување на оптимален број на вработени за непречено и сигурно извршување на дејноста и нивно

соодветно пополнување“ за наредната седница на Владата да достави известување за дадени согласности за вработувања за 2022 и 2023 година и тоа за вработувања на неопределено време, определено време и договор за дело.

**Точка 24**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Користење на водите за наводнување“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за животна средина, Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола и Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Користење на водите за наводнување“ и во рок од 15 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 60 дена да подготви Предлог за реорганизација на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и истиот да го достави до Владата.

**Точка 25**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за укинување на увозните давачки-царинските давачки за увоз на тестенини неварени, неполнети ниту поинаку приготвени и домати приготвени или конзервирани на друг начин освен со оцет или оцетна киселина и условно ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да ги прикачи во е-елабораторот писмената согласност од Министерството за финансии и мислењето од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Истовремено, се задолжува Министерството за економија за наредната седница на Владата, да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало (за тестенини-макарони и шпагети).

*
*   *

Владата повторно ја разгледа Предлог-одлуката за укинување на увозните давачки-царинските давачки за увоз на тестенини неварени, неполнети ниту поинаку приготвени и ја донесе Одлуката за укинување на увозните давачки-царинските давачки за увоз на тестенини неварени, неполнети ниту поинаку приготвени.

## Точка 27

Владата ја донесе Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт.

## Точка 28

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за изменување и дополнување на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за 2023-2027 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување со Министерството за финансии.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Шестата седница на Комитетот за преговори за склучување на договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, со текст на Завршен извештај и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Завршниот извештај на правен и трансакциски советник за изградба на автопатските делници за градба на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија.

2. Се одобрува содржината и склучувањето на договорот за градење и се овластуваат Ејуп Рустеми, директор на Јавното претпријатие за државни патишта и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да пристапат кон склучување на договорот за градење со Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија со стратешкиот партнер, конзорциумот Бахтел и Енка.

3. Се задолжува Министерството за финансии да го извести Меѓународниот монетарен фонд за потпишување на договорот за градење со стратешкиот партнер Бахтел и Енка за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија.

*

*        *

Владата повторно ја разгледа Информацијата за одржување на Шестата седница на Комитетот за преговори за склучување на договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10-д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, со текст на Завршен извештај и текст на Договор и согласно усно изнесените позитивни мислења на Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го усвои Завршниот извештај на правен и трансакциски советник за изградба на автопатските делници за градба на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија.

2. Се одобрува содржината и склучувањето на договорот за градење и се овластуваат Ејуп Рустеми, директор на Јавното претпријатие за државни патишта и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да пристапат кон склучување на договорот за градење со Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија со стратешкиот партнер, конзорциумот Бахтел и Енка.

3. Се задолжува Министерството за финансии да го извести Меѓународниот монетарен фонд за потпишување на договорот за градење со стратешкиот партнер Бахтел и Енка за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата укажува дека Договорот е за ограничена употреба, поради што е забрането да се копира, печати, дистрибуира или на кој било начин неовластено да се користи неговата содржина, без претходна согласност на Владата.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од зголемување на продажните цени на обрасците за лични документи на граѓаните (пасош, лична карта и возачка дозвола) и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го измени Решението за цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи и тоа со утврдување на следните продажни цени за: пасош за лица над 27 години- 2000,00 денари; пасош за лица до 27 години-1500,00 денари; пасош (итна постапка)-6100,00 денари; лична карта-310,00 денари; возачка дозвола-410,00 денари, возачка дозвола (итна постапка)-1230,00 денари.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за претставувањето на колекција на Музејот на современа уметност-Скопје во Кунстхале Виена, ја усвои и притоа заклучи:

-Се задолжува Министерството за култура во рок од 30 дена да ги спроведе активностите наведени во Информацијата, како и да се има предвид Дозволата на Управата за заштита на културното наследство, со оглед дека се работи за преземање на активности, согласно Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

## Точка 32

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало и ја донесе Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, со заклучок во членот 2 зборовите „17 март 2023 година", да се заменат со зборовите „16 март 2023 година".

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на раководител на оперативната структура во системот за индиректно управување со ИПА I и ИПА II, со предлог-решенија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за назначување раководител на оперативните структури надлежни за спроведување на Компонентата за регионален развој и Компонентата за развој на човечки ресурси од ИПА во системот за децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската Унија за Република Северна Македонија (усогласено со Секретаријатот за законодавство).

2. Го донесе Решението за назначување на раководител на оперативната структура во системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) (усогласено со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на заем за развојни политики и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во рок од пет дена да подготви и да достави допис до Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за спроведување на мисија во март 2023 година, во рамки на која ќе се разговара за условите/реформите и активностите за обезбедување на заем за развојни политики.

2. Се задолжува Министерството за финансии, доколку се постигне договор со Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за спроведување на мисија во март 2023 година и се дефинира матрицата за политики, веднаш по завршување на разговорите со Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за спроведување на мисија во март 2023 година да подготви и да достави барање до ОПЕК Фондот за меѓународен развој за обезбедување на дополнителни финансиски средства во вид на заем за развојни политики.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало и ја донесе Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, со заклучок во членот 2 зборовите „17 март 2023 година“ да се заменат со зборовите „16 март 2023 година“.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од формирање на меѓуинституционални тела за мониторинг и евалуација на Националната стратегија за интегрирано гранично управување 2021-2025, со Акциски план и Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Националниот совет за интегрирано гранично управување, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии-Царинската управа,

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Државниот инспекторат за земјоделство, Агенцијата за лекови и медицински средства, Министерството за здравство-Државен санитарен и здравствен инспекторат, Дирекцијата за радијациона сигурност, Агенцијата за храна и ветеринарство, во рок од пет дена да достават до националниот координатор за гранично управување номинации за еден член и заменик-член во Меѓуресорската експертска група за интегрирано гранично управување.

3. Се задолжува Националниот координатор за гранично управување во рок од пет дена од добивањето на номинациите од надлежните институции да донесе Решение за формирање на Меѓуресорската експертска група за интегрирано гранично управување.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:00 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |